ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 – 2023 ГОДИНА

Скопје, декември 2020 година

# Содржина

1. **Стратешки цели за ревизија на ДЗР** 5
2. **Стратешки цели и приоритети на секторите за ревизија** 7
2.1. **Приоритетни области за ревизија** 7
3. **Опфат на ревизорска дејност** 8
4. **Определување на неопходните ресурси** 14
5. **Организациски активности** 14
6. **Ризици за постигнување на стратешките цели и показатели за ревизиите** 15
7. **Примена на Стратешкиот план за ревизија** 15
8. **Ажурирање на Стратешкиот план за ревизија** 15

ПРИЛОЗИ 16

Користени кратенки:

| | | |
|---|---|---|
| РСМ | – | Република Северна Македонија |
| ДЗР | – | Државен завод за ревизија |
| ВРИ | - | Врховна ревизорска институција |
| ГДР | – | Главен државен ревизор |
| СЦ | - | Стратешка цел |
| НЦ | – | Непосредна цел |
| ГП | - | Годишна програма |

Врз основа на член 9, став 1 точка 3 и 4 од Законот за државната ревизија (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18), член 3, став 1 од Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија („Службен весник на РСМ", бр. 264/20), како и Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите бр. 02 – 735/1 од 09.07.2020 година, Главниот државен ревизор донесе:

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2021 – 2023 ГОДИНА

## 1. Стратешки цели за ревизија на ДЗР

Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија има за цел навремено и објективно да го информира Собранието на РСМ, Владата на РСМ, другите носители на јавни функции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии и да даде поддршка на Собранието на РСМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување во управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

За успешно да ја исполниме нашата цел – водење грижа за јавните средства и да придонесуваме за унапредување на управувањето со истите, наша визија е континуирано обезбедување квалитет во работењето со што би го задржале епитетот на независен и професионален партнер со висок интегритет кој е истовремено носител на напредокот во управувањето со јавните средства, отчетноста и транспарентноста во користењето на истите.

Стратешките цели за ревизиите за периодот од три години, почнувајќи од 2021 година до 2023 година, се утврдени со Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, бр. 01-969/1 од 16.11.2020 година (во натамошниот текст: Одлуката), изготвена врз основа на спроведените постапки согласно Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите бр. 02 – 735/1 од 09.07.2020 година од страна на секторите кои вршат ревизии во Државниот завод за ревизија и добиените информации за опфатот, значајноста и ризиците, а кои произлегуваат од стратешките цели (СЦ) и непосредните цели (НЦ) од Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 – 2022 година и тоа:

**СЦ 2**: Понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија:

НЦ 2.1: Подобрување на ефикасноста на планирање и програмирање на финансиски ревизии и ревизии на успешност;
НЦ 2.2. Подобрување на квалитетот на извршените ревизии и следење на ефектите од извршените ревизии;
НЦ 2.3 Понатамошен развој на системот на следење и информирање за системските слабости заеднички за одделни ревидирани субјекти и за активности по области и субјекти, и

**СЦ 5**: Унапредување на системот за комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни правни субјекти и информирање на јавноста за работењето на Државниот завод за ревизија.

Со Одлуката, Главниот државен ревизор ги определи стратешките цели за ревизиите за периодот од три години, почнувајќи од 2021 година до 2023 година како што следува:

- Давање мислење за вистинито и објективно презентирање на финансиските извештаи и резултатите од финансиските активности на субјектите кои се предмет за ревизии согласно Рамката на професионални објави на ИНТОСАИ (The INTOSAI Framework of Professional Pronouncements (IFPP), Законот за државната ревизија и прифатените сметководствени стандарди и начела;
- Давање мислење за наменско и законско користење на средства согласно позитивната законска регулатива - испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и расходи;
- Давање оценка за користењето на јавните ресурси од аспект на постигнати економичност, ефикасност и ефективност;
- Транспарентно и отчетно известување за утврдените состојби, дадените препораки и преземените не/преземените дејствија од субјектите кои се предмет на ревизија по извршените ревизии како и покренување на предлози за подобрување на правната рамка пред Собранието на Република Северна Македонија, јавноста и сите заинтересирани страни;
- Преземање на дејствија за известување и соработка до надлежните органи во РСМ, во однос на потенцијални или откриени ризици, сомневања, незаконски дејствија и трансакции, а кои упатуваат на можни судири на интереси, корупција и измама, при вршење на ревизиите и издавање на ревизорскиот извештај, заради проследување за нивно понатамошно постапување;
- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон подобрување на јавните услуги;
- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон зголемување на нивото на јавната свест и значење на приоритетните области од животната средина и целите на одржлив развој;
- Избор на ревизии од јавен интерес;
- Избор на ревизии како дел од меѓународните активности на Државниот завод за ревизија заради зголемување на знаењата, капацитетите и вештините на ревизорите.

## 2. Стратешки цели и приоритети на секторите за ревизија

Стратешките цели и приоритети на секторите кои вршат ревизија во Државниот завод за ревизија за периодот 2021 – 2023 година, согласно Одлуката, како и согласно Стратешките планови за ревизија на ниво на сектори за ревизија се:

- надзор над трошењето на јавните средства;
- борба против корупцијата;
- квалитетно финансиско известување;
- давање придонес за подобрување на јавни услуги;
- континуирано зголемување на одговорноста, отчетноста и транспарентноста;
- зголемување на одговорноста и транспарентноста во користењето на јавните средства;
- подобрување на работењето на корисниците на јавните средства;
- подобрување на квалитетот на работењето на секторите преку континуирани професионални обуки на ревизорите;
- подобрување на резултатите во работењето преку зајакнување на комуникацијата и соработката помеѓу ревизорите и институциите;
- обезбедување на соодветно работно опкружување;
- подобрување на корпоративната култура и етика во вршење на ревизијата и активностите на Државниот завод за ревизија.

### 2.1. Приоритетни области за ревизија

Приоритетни области за ревизии во Државниот завод за ревизија за период 2021 – 2023 година, согласно Одлуката се:

- Буџет на Република Северна Македонија;
- Државна безбедност и одбрана;
- Кризна и вонредна состојба;
- Ефекти од пандемија;
- Политички партии и Изборни процеси во РСМ;
- Локална самоуправа и рамномерен регионален развој;
- Труд и социјална политика;
- Образование;
- Култура и спорт;
- Здравствен систем;
- Животна средина;
- Земјоделие, шумарство и водостопанство;
- Правосудството и владеењето на правото;
- Економија;
- Сообраќај, транспорт и комуникации;
- Цели за одржлив развој на ООН;
- ИТ системи, безбедност и заштита на податоци и
- Фондови од ЕУ и од други меѓународни институции.

## 3. Опфат на ревизорска дејност

Во согласност со стратешките цели за ревизија на ДЗР, како и стратешките цели и приоритети на секторите за ревизија, секој сектор за ревизија изготви Стратешки план за ревизија на ниво на сектор за периодот 2021 – 2023 година за областите за ревизија во негова надлежност. Стратешките планови за ревизија на секторите за ревизија се изготвени согласно постапката утврдена во Упатството за стратешко и годишно планирање, врз основа на обезбедени релевантни информации за опфатот, значајноста и ризиците за приоритетните области, како и врз основа на оценката на предложените подобласти извршена согласно критериумите и тежинските фактори, како и согласно професионалното расудување.

Согласно Стратешките планови за ревизија на секторите за ревизија, утврдени се следните области и подобласти за ревизија за периодот 2021 – 2023 година:

| ***Сектор*** | ***Области*** | ***Подобласти*** |
|---|---|---|
| Сектор 1 - Сектор за ревизија на субјектите од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на РСМ, одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ | - Буџет на Република Северна Македонија;<br>- Државна безбедност и одбрана;<br>- Кризна и вонредна состојба;<br>- Ефекти од пандемија;<br>- Цели за одржлив развој на ООН, и<br>- Фондови од ЕУ и од други меѓународни институции. | - Буџет на државата – планирање, извршување и управување со буџетот, реализација на економската и развојната политика на државата и јавниот долг на државата,<br>- КОВИД 19 - мерки и активности на институциите во системот,<br>- Државна безбедност и одбрана - можности и ресурси за позитивен безбедносен и одбранбен амбиент на државата,<br>- Интеграција на РСМ во Европската унија и надворешна политика - систем за управување со процесот на пристапување кон ЕУ и меѓународни односи на РСМ,<br>- Државна администрација – институционални капацитети на државните органи и државната администрација. |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| Сектор 2 - Сектор за ревизија на политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес | - Политички партии и Изборни процеси во РСМ;<br>- Правосудството и владеењето на правото, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Политички партии и изборни процеси - законитост на финансирањето и користењето на средствата од политичките партии и учесниците во изборните кампањи. |
| Сектор 3 - Сектор за ревизија на единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија, и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа | - Локална самоуправа и рамномерен регионален развој;<br>- Кризна и вонредна состојба;<br>- Ефекти од пандемија;<br>- Економија, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - планирање, извршување и управување со буџетите на единиците на локалната самоуправа,<br>- одржлив економски развој во услови на пандемија,<br>- задолжување на општините,<br>- децентрализација,<br>- рамномерен регионален развој и територијална соработка, и<br>- сопствените приходи на општините во услови на пандемија во функција на обезбедување квалитетни услуги на граѓаните. |
| | - Локална самоуправа и рамномерен регионален развој;<br>- Образование;<br>- Култура и спорт;<br>- Животна средина;<br>- Земјоделие, шумарство и водостопанство; | - квалитетни услуги на граѓаните од областа на комуналната инфраструктура,<br>- снабдување со вода за пиење,<br>- одвод на вода,<br>- управување со отпадот,<br>- изградба на улици, тротоари,<br>- одржување на зелени површини, паркови, детски игралишта, спортски објекти,<br>- јавни установи од областа на образованието, културата и спортот. |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | - Сообраќај, транспорт и комуникации, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | |
| Сектор 4 - Сектор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт | - Економија;<br>- Сообраќај, транспорт и комуникации;<br>- Земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Култура и спорт, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - производство на електрична енергија,<br>- пренос на електрична енергија,<br>- патна инфраструктура,<br>- железнички инфраструктура и сообраќај,<br>- водостопанство,<br>- радиодифузија,<br>- поштенски сообраќај,<br>- изградба на спортски објекти и управување со истите,<br>- македонска навигација,<br>- авиосообраќај,<br>- изградба на станбен и деловен простор и управување со истиот. |
| Сектор 5 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на трудот, социјалата, работните односи, пензиското и инвалидското осигурување, образованието и културата | - Труд и социјална политика, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Вработување и осигурување во случај на невработеност и надзор од областа на работните односи;<br>- Финансирање и остварување на права од пензиско инвалидското осигурување и<br>- Социјална заштита. |
| | - Образование;<br>- Цели за одржлив развој на ООН, и<br>- ИТ системи, безбедност и заштита на податоци . | - Образование и воспитание од сите видови и степени: организација, финансирање, развој и унапредување и<br>- Ученичкиот и студентскиот стандард и унапредување, инвестирање во информатичка технологија и е-образование и поддршка на иновациите и техничката култура. |
| | - Култура и спорт, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Финансирање и развојот на мрежата на национални |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | | установи од областа на културата и<br>- Финансирањето програми и проекти од национален интерес; заштитата на културното богатство, дејностите од културата, домовите на културата и заштитата на авторските и сродни. |
| | - Кризна и вонредна состојба;<br>- Ефекти од пандемија;<br>- Труд и социјална политика;<br>- Образование;<br>- Економија, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Владини мерки и политики за справување на социјалните и економските ефектите од пандемијата – COVID - 19 и<br>- Мерки за одржлив образовен процес и справување со ефектите од пандемијата - COVID - 19 во основното и средното образование. |
| Сектор 6 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на здравството, животната средина и просторното планирање, земјоделството, шумарството и водостопанството | - Здравствен систем;<br>- Кризна и вонредна состојба;<br>- Ефекти од пандемија, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Министерството за здравство<br>- Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија<br>- Јавните здравствени установи<br>- Начинот на имплементација на мерките за справување со COVID -19 кризата<br>- Програми за здравствена заштита<br>- Начинот на имплементација на развојните програми: за изградба, реконструкција и доградба на објекти на ЈЗУ и за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РСМ . |
| | - Животна средина;<br>- Земјоделие, шумарство и водостопанство, и | - животна средина и просторно планирање, унапредување на животната средина,<br>- имплементација на програмите за заштита на животната средина и програмите за |

| ***Сектор*** | ***Области*** | ***Подобласти*** |
|---|---|---|
| | - Цели за одржлив развој на ООН. | мониторинг и заштита од аерозагадување,<br>- имплементација на мерките за заштита на водите,<br>- имплементација на развојна програма Дојранско Езеро, развојна програма Колекторски систем Охрид, Струга, уредување на порој на речно корито на река Пчиња, Шипковица, Тетовско. |
| | - Земјоделие, шумарство и водостопанство, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - МЗШВ, поттикнување на развојот на земјоделството, финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, храна и ветеринарство,<br>- Стопанисување со шумите, стопанисување со пасишта, јавни претпријатија од областа на водостопанството,<br>- имплементација на развојните програми – управување со НУС производи, Хидросистем Злетовица, Хидросистем Лисиче, наводнување на јужна долина на река Вардар и финансиска поддршка и програма за рурален развој. |
| Сектор 7 - Сектор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи, државното правобранителство, економијата, сообраќајот и комуникациите | - Правосудството и владеењето на правото, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - Јавно обвинителски систем на РСМ,<br>- правобранителство на РСМ - независен и функционален систем кој го почитува владеењето на правото, човековите права и слободи,<br>- борба против корупција и<br>- социјална правда. |
| | - Правосудството и владеењето на правото;<br>- Политички партии и Изборни процеси во РСМ; | - јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност, |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | - Цели за одржлив развој на ООН. | - унапредување на статусот на јавното обвинителство,<br>- унапредување на стандардите на пенитенцијарниот систем,<br>- градење на ефикасен и модерен изборен систем,<br>- унапредување на граѓанската иницијатива,<br>- унапредување на претпоставките за остварување на човековите права. |
| | - Економија, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - поддршка и развој на домашните претпријатија,<br>- развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,<br>- енергетика,<br>- развој на туризмот и угостителството,<br>- планирање и одржливо искористување на ресурсите и природните богатства,<br>- креирање на единствен пазар во согласност со регулативата на ЕУ и развивање на ефективна трговска политика. |
| | - Сообраќај, транспорт и комуникации, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - железнички и воздушен сообраќај<br>- патна инфраструктура,<br>- градежништво,<br>- урбанизам<br>- поштенски услуги,<br>- станбена и комунална изградба и<br>- домување. |
| Сектор 9 - Сектор за ревизија на информациски системи | - ИТ системи, безбедност и заштита на податоци;<br>- Кризна и вонредна состојба; | - употреба на информатичка технологија за размена на информации помеѓу државните органи,<br>- ИКТ алатки кои ги користат вработените при далечинско работење во услови на |

| *Сектор* | *Области* | *Подобласти* |
|---|---|---|
| | - Ефекти од пандемија;<br>- Труд и социјална политика, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | пандемија од COVID – 19 или други вонредни / кризни состојби,<br>- безбедност и заштита на податоците при управување со инфраструктура односно дата центрите кај дел од субјекти од јавниот сектор,<br>- употреба на информатичката технологија во поддршка на надлежностите на субјектите од јавниот сектор. |
| Сектор 10 - Сектор за ревизија на корисници на средства од Европската унија и на корисници на средства од други меѓународни институции | - Фондови од ЕУ и од други меѓународни институции;<br>- Буџет на Република Северна Македонија, и<br>- Цели за одржлив развој на ООН. | - управување со јавниот долг – задолжување на РСМ,<br>- задолжување на субјектите од јавниот сектор, степенот на искористеност на кредитите и заемите, платени и створени трошоци,<br>- ефективноста на реализација на проектите финансирани од средства од ЕУ и други меѓународни институции,<br>- сервисирање на јавниот долг, следење на индикатори на јавен долг и оперативниот ризик при управување со јавниот долг. |

## 4. Определување на неопходните ресурси

Согласно утврдените стратешки цели, области и подобласти за ревизија, потребните човечки, материјални и финансиски ресурси за ревизиите во период 2021-2023 година, како и временската рамка за нивна реализација ќе бидат утврдени со поодделните годишни програми за работа на ДЗР.

## 5. Организациски активности

Временското распоредување на ревизиите, број на ревизори, потребниот број и вид на обуки, потребата од ангажирање на експерти, потребата за дополнителна опрема на државните ревизори за непречена реализација на предвидените ревизии, ќе бидат утврдени со годишните програми за работа на ДЗР како и со годишните програми за континуирано усовршување и обука на државните ревизори, за период 2021-2023 година.

## 6. Ризици за постигнување на стратешките цели и показатели за ревизиите

Мерките и препораките на Владата на РСМ за заштита и превенција од COVID 19 би можеле да имаат влијание врз постигнувањето на стратешките цели и показатели за ревизиите.

Недостиг на човечки, административни капацитети и финансиски ресурси како ризици за целосна и навремена реализација на предвидените ревизии за период 2021-2023 година, како и активности за нивно минимизирање, се утврдени во Стратегијата за управување со ризиците на Државниот завод за ревизија 2020 – 2023 година, бр. 02-739/1 од 13.07.2020 година.

## 7. Примена на Стратешкиот план за ревизија

Врз основа на овој Стратешки план ќе се изготвуваат годишните програми за работа на Државниот завод за ревизија за периодот 2021 – 2023 година, во кои ќе бидат содржани прегледи на субјекти за вршење на ревизии според видови на ревизии врз основа на предлози од секторите кои вршат ревизија, изготвени со примена на критериумите за избор и резултатите од мерењата на применетите критериуми, како и примена на професионалното просудување.

## 8. Ажурирање на Стратешкиот план за ревизија

Овој Стратешки план ќе се ажурира согласно стратешките планови за ревизија на ниво на сектори кои се ажурираат секоја година. Ажурирањето подразбира повторно прегледување на можните и нови ризици на предлог листата или дополнување на истата со нови предлози.

Број 01-1091/1

Главен државен ревизор,

Скопје, 25.12.2020 година

м-р Максим Ацевски

Изготвил: Тања Јаневска, ПГДР